крв одошто да се капеш во коритото.

– Сигурно нема веќе да стрижеме јагниња во Капела, – рече Марија.

Но не беше сосема во право...

Кога дојде дедо ѝ дома вечерта, забележа дека не си го зел бастумот.

– Сигурно сум го оставил зад трлото, – ѝ рече на Марија. – Ајде со твоите пргави нозе тркни по бастумот.

–Сега ќе јадеме, – рече мајка ѝ. – Побрзај ако сакаш да јадеш од 'ржената каша.

Се наближуваше есента. Надвор веќе се стемни кога отиде Марија по бастумот. Сѐ беше тивко, ништо не се слушаше. На Марија ѝ се виде чудно и почна многу да се плаши. Таа помисли на сѐ она за што слушала; за вештицата и за ќепеците, за самовилите и за маѓосникот свирач и за подземните суштества. Почна да ѝ се причинува. Житните снопови на нивата, мрачни и наврекнати, па тоа се ќепеците кои на прсти ѝ приоѓаат на вклакнестите нозе! Вечерната магла над ливадата, па тоа се сигурно самовилите кои, лебдејќи, полека ѝ се приближуваат за да ѝ фрлат самовилска мрежа! Дали вештицата со дивите очи откај шумата го гледа девојчето што е само во темницата? И што ли прават подземните суштества, оние што не смееш да ги споменеш по име?

На ритчето зад трлото лежеше бастумот на дедото. Марија го зеде и кога го почуствува со раката неговото дрво, не се плашеше веќе. Седна на еден камен, погледна во нивата и во ливадата, шумата и куќите. Виде дека е тоа нејзината сакана Капела со житните снопови што даваат леб, со маглата што паднала врз ливадата и врз мрачните дрвја во шумата, со домашните прозорци што светкаа од убавото огниште. Сето тоа беше нејзината Капела, и таа не се плашеше.

Каменот на кој седеше беше, исто така, дел од Капела. „Лисичев камен“ дедо ѝ го нарече, и под него имаше една дупка во земјата. Некогаш било дувло на лисица, но никој во Капела не се сеќава дека имало лисица. Марија помисли на лисицата и на волкот, но не се плашеше. Го зеде бастумот и тропаше по земјата исто како дедо ѝ. Ја



запеа песната што беше стара колку Капела.

*Ту-ту-ту,*
*денес овци олку,*
*како вчера толку,*
*сите се на број.*

Токму тогаш се случи нешто. Пред Марија стоеше еден кепец, а Марија не ни виде од каде дошол. Беше сив како квечерината и леткзше како вечерната магла. Очите му беа стари како камења, гласот му беше стар како водата што мрмореше во потокот, и како ветрот во дрвјата. Говореше толку тивко, што таа одвај го разбираше.

– Доста е веќе, – мрмореше. – Доста е веќе ту–ту–ту и тропање над главата. Доста!

Марија сфати дека тој е подземнно суштество. Никогаш веќе не беше толку исплашена како тогаш! Не можеше ни да прозбори ниту да се помрдне, седеше на лисичевиот камен и без да трепне го слушаше